Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКИТЕ ТАКСИ И ТРОШОЦИ И ИНФОРМИРАНОСТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТРОШОЦИ КАКО ПРЕЧКА ИЛИ МОЖНОСТ ДО СУДСКА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

МАЈ, 2021

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** → 4

**МЕТОДОЛОГИЈА** → 5

**ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ШТО ГИ ВОДАТ ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** → 6

А. Привремени мерки за заштита - ПМЗ → 7
Б. Развод → 11
В. Делба на имот во кој не се спори сопственоста → 15
Г. Делба на имот во кој се спори сопственоста → 18
Д. Постапка за издршка → 19
Ѓ. Постапка за старателство → 20
Е. Постапка за иселување од семејниот дом → 21
Ж. Прибрани податоци од други аспекти → 22

**СТАВОВИ НА ЖЕНИТЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРОМЕНА ВО ОДНОС НА СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ПРАВДА** → 23

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** → 24

# ВОВЕД

Полесен пристап до правда за жените што претрпеле семејно насилство е стратешки приоритет во залагањата и напорите на Здружението ЕСЕ. Препознавајќи ја важноста и итната потреба на жените за решавање на правните проблеми од семејното насилство, ЕСЕ во 2019 спроведе првично истражување за достапноста на судската заштита во постапките по семејни спорови. Прибрани се податоци од жените за судските такси и за ослободување од судските трошоци од повеќе аспекти, со цел да ја утврдиме актуелната состојба и да дадеме конкретни препораки за подобрување на судската заштита во случај на семејно насилство.

Претходната анализа укажа на пречките со кои се соочуваат жените, при што на површина излегоа сите ограничувања во однос на подготвеноста на жените што претрпеле семејно насилство да водат граѓански постапки, со цел судски да го решат проблемот и да ги заштитат своите права. Со оваа анализа беа опфатени сите видови на судски постапки што ги водат жените, при што може да се заклучи дека во просек жените воделе по две судски постапки. Од вкупно опфатени 47 постапки, дури 45 % отпаѓаат на постапката за развод на брак, додека останатите постапки помалку се застапени. Само 17 % од жените ја користат постапката за изрекување на привремени мерки, а 13 % ја користат постапката за делба на имот. Со анализата се опфати и финансиската состојба на жените што претрпеле семејно насилство, односно утврдивме дека жените имаат мала финансиска моќ да платат трошоци за судски такси со мали разлики за различни постапки. Од аспект на информираноста, жените многу малку се запознаени со различните видови на трошоци вклучени во судските постапки, вклучувајќи ја и можноста да бараат ослободување од плаќање на трошоци. Исто така, жените што претрпеле семејно насилство не знаеле колку чинат трошоците за постапките со кои ќе се соочат, односно мал дел од нив знаеле само колку чинат трошоците за тужба и за пресуда, а ниту една од нив не знаела за висината на трошоците за жалба и за вештачења.

Заклучок од анализата е и дека помалку од половина од жените поднеле барање за ослободување од плаќање на трошоци, што се должи на неинформираноста за доставување на потребната документација за одобрување за ослободување од судски трошоци. Во вакви околности, дел од жените препуштени сами на себе и неинформирани за можноста да ги сносат трошоците за спротивната страна, се снаоѓале сами, а дел од нив се откажале или пак воделе само некоја од потребните постапки. Практично успехот, односно неуспехот на жените за судско решавање на проблемите претежно зависи од нивните финансиски можности и од нивната информираност, а помалку од можноста за ослободување од трошоци, доколку претходно барале. Оттука произлегува и ставот на жените дека има потреба од подобрување на пристапот до правда преку информираност за ослободување од судски трошоци, но истовремено и преку намалување на судските такси во прифатливи износи.

Законската регулатива е клучен елемент за судска заштита на жените преку ослободување од плаќање на трошоци, што е загарантирано со Законот за судски такси, Законот за парнична постапка и со Законот за бесплатна правна помош. Во практиката, а и според резултатите од анализата, оваа законска рамка се покажа како недоволна и неопходни се законски измени, со цел да им се олесни достапноста до судска заштита на жените што претрпеле семејно насилство. Од претходното истражување, поточно од октомври 2019 година, стапи во сила променетиот ЗБПП со кој се олеснува постапката за добивање бесплатна правна помош и ослободување од сите судски трошоци за жените жртви на семејно насилство. Значајна новина за жените е одобрувањето на бесплатна правна помош, вклучително со ослободување од плаќање судски трошоци за сите судски постапки, без да се утврдува материјалниот статус. Законски предуслов е жените да се евидентирани како жртви, односно да го пријават семејното насилство.

Здружението ЕСЕ продолжи со истражувањето и во 2020 година, а со цел да прибере подетални податоци за достапноста од водење постапки по семејни спорови преку искуствата на жените. Очекувањата се анализата да утврди каква е состојбата и по олеснетата постапка за добивање бесплатна правна помош и ослободување од сите судски трошоци за жените што претрпеле семејно насилство. Воедно, резултатите од анализата ќе бидат искористени за актуализирање на специфичните потреби на жените што претрпеле семејно насилство, во насока на давање на предлози за создавање услови, а исто така и со конкретни обврски за континуирано преземање системски активности за запознавање на жените со законските механизми за бесплатна правна помош и ослободување од плаќање судски трошоци. Посочуваме дека законските измени за судски такси од октомври 2020 година не беа опфатени со ова истражување и анализа. Воведените законски измени резултираа со судски такси кои изнесуваат од 480 денари до најмногу 6 000 денари, односно со намалување и до осум пати, во зависност од вредноста на предметот.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Со анализата опфатени се вкупно **36** ЖЕНИ што побарале бесплатна правна помош од ЕСЕ (од јануари, па заклучно со октомври 2020 год.)

За **21** жена **судските постапки се во тек** или **се завршени**, а за останатите **15** жени постапките се во **фаза на подготовка** и ќе се поведат по комплетирање на потребната документација и соодветните писмени поднесоци.

Дополнително, ЕСЕ вложи напор да ги доразвие и да ги подобри двата прашалника од минатогодишното истражување за потребите на оваа анализа со цел да се приберат поопсежни податоци за пречките со кои се соочуваат жените во секоја од постапките што ги водат/воделе, односно ќе ги водат. Со двата прашалника се собраа податоци за: општите информации за жените, видовите постапки што ги водат и ќе ги водат, информираноста за судските трошоци за секоја постапка, примената на барањето за ослободување од трошоци, реалните финансиски можности за плаќање трошоци, вкупните трошоци по завршување со постапката, задоволството од исходот во постапката и на крај со личните ставови и мислења на жените за подобрување на пристапот до правда.

Жените што водат и имаат потреба од водење постапки по семејни спорови се на возраст од 20 до 60 години, но повеќето (31) имаат од 31 до 50 години. Според националноста, повеќето се Македонки (26), а многу помалку се Албанки, Ромки или се од други националности. Според образованието, жените имаат од незавршено основно, па сè до додипломски студии, но повеќето (24) имаат завршено средно образование. Приближно половина жени (16) се невработени и немаат приходи, додека останатите (20) како вработени месечно заработуваат од најмалку 7 501 денар до најмногу 30 000 денари месечно. Сепак, кај повеќето (14) месечната плата не надминува износ од 16 000 денари. Повеќето жени (28) се безимотни, односно немаат имот на свое лично име, додека право на социјална помош оствариле само пет жени. Жените по доживеаното семејно насилство живеат во семејства од по најмалку два члена, но и со повеќе од пет члена. Сепак, повеќето (21) живеат во семејства со по три до четири членови.

# ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ШТО ГИ ВОДАТ ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

За судско решение на проблемот, кај 36 жени потребни се вкупно 76 постапки, од кои 42 се во тек или се завршени, додека останатите 35 постапки се во фаза на подготовка, односно ќе се водат (табела 1). Жените најмногу водат постапки за развод на брак, а помалку се подготвени да водат други постапки по семејни спорови. Всушност, повеќето жени најмногу се заинтересирани за постапката за развод поради потребата, а и можноста во постапката покрај разводот да го решат и прашањето за доверување старателство и издршка за малолетните деца.

| ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **ПМЗ** | 13 | 11 | 24 |
| **Развод** | 17 | 14 | 31 |
| **Делба на имот во кој не се спори сопственоста** | 3 | 4 | 7 |
| **Делба на имот во кој се спори сопственоста** | / | 1 | 1 |
| **Издршка** | 4 | / | 4 |
| **Старателство** | 3 | / | 3 |
| **Иселување** | / | 5 | 5 |
| **Вонсудска постапка - делба на имот** | 2 | / | 2 |
| **ВКУПНО** | **42** | **35** | **76** |

*Табела 1. Видови постапки*

Табелата 2 ги прикажува минималните и максималните износи за судски трошоци за секоја од постапките, со пресметан процент во однос на месечната плата од 16 000 денари, како просечна плата на вработените жени, според податоците од истражувањето за лични нето-приходи. Од аспект на финансиската состојба на вработените жени, повеќе од јасно од табелата подолу е дека одредени постапки се недостапни за жените дури и со минимално пресметани судски трошоци. Конкретно, вработените жени во постапката за развод на брак, како пример кој е најзастапен од судските постапки, потребно е да издвојат најмалку 11 200 денари или дури 70 % од месечната плата за судски такси за тужба, жалба, пресуда и вештачење. Вака минимално пресметаните судски трошоци можат да се зголемуваат со плаќање на други трошоци вклучени во постапката и да достигнат максимален износ до 48 000 денари, што претставува тримесечна заработувачка на жените. Жените најчесто се соочуваат со дополнителни трошоци за супервештачење, судски оглас, поставување привремен застапник поради отсуство на тужениот и слично.

| ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ | Висина на таксите и др. трошоци (МКД) | | Процент (%) од 16 000 МКД | |
|---|---|---|---|---|
| | Минимум | Максимум | Минимум | Максимум |
| ПМЗ | 1 920 | 1 920 | 12 | 12 |
| Развод | 11 200 | 48 000 | 70 | 300 |
| Делба на имот во кој не се спори сопственоста | 5 840 | 15 150 | 37 | 95 |
| Делба на имот во кој се спори сопственоста | 192 000 | 192 000 | 1 200 | 1 200 |
| Издршка | Во зависност од бараната издршка за три месеци | | / | / |
| Старателство | 3 200 | 3 200 | 20 | 20 |
| Иселување | 4 800 | 4 800 | 30 | 30 |
| Адвокатски трошоци | 6 000 | 18 000 | 100 | 113 |

*Табела 2. Минимални и максимални трошоци во постапки како процент од типична месечна плата кај вработените жени*

## А. Привремени мерки за заштита - ПМЗ

Правото на жените за заштита од семејно насилство во судска постапка не е бесплатно и вклучува повеќе видови на трошоци од чиешто навремено плаќање зависи и постапувањето на судот. Ова е една од постапките по семејни спорови во која трошоците за судски такси се најниски. Таксата за предлог изнесува 480 денари, таксата за жалба 980 денари и таксата за судска одлука изнесува 480 денари. Тие се пресметани врз основа на вредноста на спорот, која во овој случај изнесува 10 000 денари.

Оваа постапка ја водат или ќе ја водат 24 жени како резултат на семејно насилство, од кои на девет жени Центарот за социјална работа им предложил водење ваква постапка и тој ја водел со нивна согласност, додека четири од жените не се сеќаваат дали ваков предлог им бил понуден од оваа институција. Од 11 жени што допрва ќе ја водат оваа постапка, само една жена не знае за можноста оваа постапка во нејзино име да ја води ЦСР.

Пред да ја започнат постапката, повеќето, односно 20 жени што водат или воделе ваква постапка и оние што допрва ќе ја водат не биле информирани за различните видови на судски такси вклучени во постапката, од кои седум не знаеле поради тоа што постапката била водена на предлог на ЦСР. Само три од жените биле информирани за судската такса за предлог, а една била информирана за судската такса за предлог и одлука.

Карактеристичен е и податокот за неинформираноста на повеќето жени за можноста да бараат ослободување од плаќање на трошоци за судски такси, доколку не можат да платат (табела 3). Од жените што водат постапка, девет не знаеле за оваа можност. Кај пет од нив, незнаењето се должи на тоа што предлагач на постапката бил ЦСР. Четири од нив не се сеќаваат, а една знаела за можноста за ослободување од судската такса од предлогот. Од оние што ќе водат постапка, седум не се запознаени со можноста за ослободување, а една смета дека таква можност не постои. Три од нив сметаат дека можат да бидат делумно ослободени од плаќање (три од нив сметаат дека можат да бидат ослободени од плаќање за такса за предлог, а една за такса за одлука). Од четирите жени што биле информирани за можноста за ослободување од трошоци за предлог и одлука (една што водела постапка и три од оние што ќе водат), три биле информирани од ГО, а една била информирана и од ЦСР и од полицијата. Сите информациите ги разбрале делумно.

| ЗАСТАПЕНИ ОДГОВОРИ НА ЖЕНИТЕ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ |
|---|---|---|
| Судска такса за предлог | 1 | 3 |
| Судска такса за жалба | | |
| Судска такса за одлука | | 1 |
| Не | 4 | |
| Не се сеќавам | 4 | |
| Не знам/предлагач е ЦСР | 5 | |
| Не сум запознаена | | 7 |
| Изјавата не е точна | | 1 |
| **ВКУПНО** | **13** | **11** |

*Табела 3. Податоци на жените за информираноста за можноста за ослободување од трошоци во постапката*

Од аспект на информираноста на жените за висината на трошоците за судски такси, повеќето не знаеле колку чини секоја од судските такси во постапката (табела 4). На пример, од вкупно 24 жени, 21 жена не знае за висината на трошокот на таксата за предлог, 23 не знаат за таксата за жалба и 23 не знаат за таксата за одлука. Две жени го знаат точниот износ на трошокот за таксата за предлог.

| ИЗНОС НА ТРОШОЦИ | Такса за предлог (а) | | Такса за жалба (б) | | Такса за одлука (в) | | Вкупно постапки по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 480/960/480 | 1 | 1 | / | / | / | / | 2 | / | / |
| Жените не го знаат точниот износ | / | 1 | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 |
| Не знам | 4 | 9 | 4 | 11 | 4 | 11 | 13 | 15 | 15 |
| Не знам/предлагач е ЦСР | 8 | / | 8 | / | 8 | / | 8 | 8 | 8 |
| **ВКУПНО** | **13** | **11** | **13** | **11** | **13** | **11** | **24** | **24** | **24** |

*Табела 4. Информираност на жените за износот на судски такси во ПМЗ (со 1 се одбележани постапките што се водат/воделе, а со 2 постапки што ќе се водат)*

Ниту една од 13 жени што водат/воделе постапка не поднеле барање до судот да ги ослободи од трошоци во постапката (табела 5). Како причина за ова осум жени навеле дека неподнесувањето се должи на тоа што ЦРС е предлагач во постапката. Од останатите пет жени, две не барале ослободување бидејќи не биле запознаени со оваа можност, а три биле вработени и сметале дека можат да платат за судски такси. Од вкупно 11 што ќе водат постапка, пет ќе бараат ослободување од сите трошоци за судски такси, а шест не знаат дали со иницирањето на постапката ќе бараат ослободување од судски трошоци (табела 5).

| БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ТРОШОЦИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ СЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Да | / | 5 | 5 |
| Не | 5 | / | 5 |
| Не знам | / | 6 | 6 |
| Не/предлагач е ЦСР | 8 | / | 8 |
| ВКУПНО | 13 | 11 | 24 |

*Табела 5. Податоци на жените за барање за ослободување од судски трошоци*

Иако трошоците за судски такси во оваа постапка се ниски, сепак утврдивме дека не можат да ги платат сите жени (табела 6). Најмногу, односно 14 жени можат да платат за такса за предлог, 13 можат да платат за такса за одлука и 12 за такса за жалба. Помалку од половина, односно осум жени не можат да платат за такса за предлог и одлука, а девет не можат да платат за судска такса за жалба. Две жени не можат да одредат дали можат да го платат трошокот за такса за предлог, а три за жалба и одлука.

| ФИНАНСИСКИ МОЖНОСТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ | Такса за предлог (а) | | Такса за жалба (б) | | Такса за одлука (в) | | Вкупно постапки по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 480/960/480 | 8 | 6 | 7 | 5 | 8 | 5 | 14 | 12 | 13 |
| Не можам да платам | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 8 | 9 | 8 |
| Не можам да одредам | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| ВКУПНО | 13 | 11 | 13 | 11 | 13 | 11 | 24 | 24 | 24 |

*Табела 6. Можност за плаќање на трошоци*
*(со 1 се обележани постапките што се водат/воделе, а со 2 постапки што ќе се водат)*

Карактеристичен податок за жените е дека не се запознаени со можноста за ослободување од трошоци за адвокатско застапување, ниту пак знаат дека во случај на неуспех во постапката судот може да ги оптовари со трошоци за спротивната страна. Ниту една од жените што водат/воделе постапка немале трошоци за адвокат, бидејќи немале ангажирано адвокат во постапката. Од жените што допрва ќе ја водат оваа постапка, седум сметаат дека едно адвокатско застапување чини до 7 000 денари, две дека тоа чини до 8 000 денари и две жени не знаат колку чини. Во однос на реалните можности за плаќање на жените, повеќето од нив, односно 18, не можат да платат, една не може да одреди и пет можат да платат (четири во износ до 2 000 денари за едно адвокатско застапување и една до 3 000 денари).

Од вкупно 13 жени што започнале ваква постапка, пет немале трошоци, една имала трошок во износ од 480 денари и седум не знаат колку вкупно средства се потрошени, бидејќи една сè уште ја води оваа постапка, а шест се откажале. Само една од жените што допрва ќе ја води оваа постапка, смета дека нема да биде оптоварена со плаќање на трошоци, за разлика од останатите 10 кои не знаат колку средства ќе потрошат при водење на оваа постапка.

| ИЗНОС НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 0 мкд | 5 | 1 | 6 |
| 480 мкд | 1 | / | 1 |
| Постапката е во тек | 1 | / | 1 |
| Се откажав | 6 | / | 6 |
| Не знам | / | 10 | 10 |
| ВКУПНО | 13 | 11 | 24 |

*Табела 7: Податоци на жените за вкупно потрошени/потребни средства за постапката*

Карактеристично за жените што водат/воделе постапка е дека трошоците не им го промениле стандардот на живот (n = 13), но додека се обидувале да го решат проблемот доживеале стрес во многу голема мера (одговорите на ова прашање беа рангирани од многу мала мера, малку, средно, многу и многу голема мера). Жените што допрва ќе ја водат оваа постапка се изјаснија дека доколку со трошоците им се загрози стандардот на живот (n = 11), две ќе се откажат, шест не знаат дали ќе можат да продолжат, а само три ќе продолжат дури и во случај со плаќањето да им е загрозена егзистенцијата.

Од жените што водат или воделе постапка, повеќето или седум не можат да одредат дали судската постапка била фер, а од останатите шест, три сметаат дека таа била средно фер, една многу фер и две дека била фер во многу голема мера. Во однос на тоа дали крајниот исход бил фер, осум жени не можат да одредат, додека од останатите пет, две сметаат дека исходот е средно фер, две многу фер и една жена смета дека исходот е во многу голема мера фер.

Оваа анализа е со наод дека ниту една од овие жени, вклучувајќи ги и шесте жени што ја завршиле постапката, не може да одреди во колкава мера крајниот исход ја надоместил направената штета од проблемот. Исто така, жените не можат да одредат дали постигнатиот исход од постапката вредел во однос на потрошените средства, време и доживеаниот стрес, со исклучок на една жена која смета дека исходот вреди во многу голема мера (табела 8). Оваа судска постапка негативно влијаела врз животот на жените и тоа за две жени многу, за шест во многу голема мера и пет жени не можат да одредат во колкава мера постапката имала негативно влијание (табела 8).

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. | Постапката негативно влијае врз нивниот живот |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / | / | / |
| Малку | / | / | / | / | / |
| Средно | 3 | 2 | / | / | / |
| Многу | 1 | 2 | / | / | 2 |
| Многу голема мера | 2 | 1 | / | 1 | 6 |
| Не можат да одредат | 7 | 8 | 13 | 12 | 5 |
| ВКУПНО | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |

*Табела 8: Податоци од жените што водат/воделе ваква постапка*

Од жените што допрва ќе ја водат оваа постапка, најмногу, односно четири очекуваат таа и исходот да бидат многу фер, а три не можат да одредат (табела 9). Повеќето жени, односно седум не можат да одредат во колкава мера е вредноста на крајниот исход во однос на средствата и времето што ќе се потрошат со водење на ваква постапка.

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / |
| Малку | 1 | 1 | 1 |
| Средно | 1 | 1 | 1 |
| Многу | 4 | 4 | / |
| Многу голема мера | 2 | 2 | 2 |
| Не можат да одредат | 3 | 3 | 7 |
| ВКУПНО | 11 | 11 | 11 |

*Табела 9: Податоци од жените што ќе водат ваква постапка*

## Б. Развод

Разводот на брак е една од постапките за која жените најмногу се заинтересирани и се подготвени да ја водат по претрпеното семејно насилство. Еден дел од жените бракот го разведуваат спогодбено, а дел со тужба за нарушени односи во бракот. Карактеристично за повеќето жени е тоа што од судот бараат да одлучи и за старателство и плаќањето на издршка за малолетните деца. Оваа постапка вклучува плаќање на судски такси за тужба во износ од 800 денари, такса за жалба во износ од 1 600 денари и такса за пресуда во износ од 800 денари, пресметани од основната вредност на постапката, која е во износ од 20 000 денари. Зголемувањето на судските трошоци е карактеристично за развод со тужба и тогаш постои можност жените да се соочат со трошоци предизвикани од спротивната страна, како што се трошоци за достава на судска покана, поставување привремен застапник, вештачење/супервештачење за утврдување на родителските капацитети за старателство на децата. Овој трошок чини најмалку 8 000 денари, но може да изнесува и 15 000 денари, па дури и 30 000 денари.

Пред да ја поведат постапката, повеќето од жените што водат/воделе или допрва ќе водат ваква постапка (n = 31) биле или се делумно информирани за различните видови на такси и трошоци со кои ќе се соочат во оваа постапка. Забележително е дека жените најмногу знаат за судската такса за тужба, помал број од нив знаат за таксите за жалба и пресуда (табела 10). Најмалку знаат дека можат да се соочат и со трошоци за вештачење.

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Судска такса за тужба | 14 | 13 | 27 |
| Судска такса за жалба | 7 | 3 | 10 |
| Судска такса за пресуда | 10 | 5 | 15 |
| Вештачење/супервештачење | 3 | 2 | 5 |
| Не знам | 3 | 1 | 4 |

*Табела 10: Информираност за видовите судски трошоци (можни се повеќе одговори)*

Карактеристично за жените од двете категории е дека повеќето, односно 20 не биле информирани за можноста за ослободување од судски трошоци, а останатите 11 биле делумно информирани. Во однос на категоријата на жени што водат или воделе постапка (n = 17), осум не знаеле, а од останатите девет жени, најмногу знаеле за ослободувањето од трошоци за тужба и пресуда, помалку за жалба, а не знаеле за ослободување од трошоци за вештачење. Од деветте делумно информирани жени што водат, односно воделе постапка, шест се информирале од ГО, две од суд и една од пријателка. Добиените информации ги разбрале две, делумно шест, а не ги разбрала една жена.

Од 14 жени што допрва ќе водат судска постапка, многу малку од нив знаат за ослободување од судските трошоци, а само една знаела за ослободување од трошоците за судско вештачење.

| ВИДОВИ СУДСКИ ТРОШОЦИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Судска такса за тужба | 8 | 2 | 10 |
| Судска такса за жалба | 3 | 2 | 5 |
| Судска такса за пресуда | 7 | 2 | 9 |
| Вештачење/супервештачење | / | 1 | 1 |
| Не знам | 8 | 12 | 20 |
| ВКУПНО | 17 | 14 | 31 |

*Табела 11: Информираност за ослободување од видовите судски трошоци (можни се повеќе одговори)*

Во однос на износот за судските такси и трошоците утврдивме дека 13 (n = 31) знаат колку точно е потребно да се плати за такса за тужба, а тоа се должи пред сѐ на тоа што мнозинството од нив водат или воделе ваква постапка. Истото може да се заклучи и за висината на таксата за пресуда. Многу малку од жените и од двете категории знаат за висината на таксите за жалба и судско вештачење. Висината на таксата за тужба е претежно непозната за жените што допрва ќе ја водат оваа постапка. За разлика од овој вид на трошок, висината на сите останати трошоци е непозната и за двете категории на жени (табела 12).

| ПОДАТОЦИ ЗА ИЗНОСИТЕ ЗА ВИДОВИТЕ СУДСКИ ТРОШОЦИ | Тужба | | Такса за предлог (а) | | Такса за жалба (б) | | Такса за одлука (в) | | Вкупно постапки по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г |
| 800/1 600/800/8000 | 11 | 2 | 3 | 1 | 10 | 2 | 4 | 2 | 13 | 4 | 12 | 6 |
| Не ги знаат точните износи | 3 | 10 | / | 1 | 2 | 5 | 2 | 3 | 13 | 1 | 7 | 8 |
| Не знам | 3 | 2 | 14 | 12 | 5 | 7 | 8 | 9 | 5 | 26 | 12 | 17 |
| ВКУПНО | 17 | 14 | 17 | 14 | 17 | 14 | 17 | 14 | 31 | 31 | 31 | 31 |

*Табела 12: Информираност на жените за висината на судските такси и трошоците во постапката за развод (со 1 се означени жените што водат/воделе, а со 2 тие што ќе водат ваква постапка)*

Малку, односно четири (n = 17) жени што водат/воделе ваква постапка поднеле формално барање до судот за ослободување од трошоците и тоа сите четири за ослободување од плаќање на такси за тужба, жалба и пресуда. Жените што не барале ослободување (n = 13), навеле повеќе причини за тоа, односно пет сметале дека не ги исполнуваат условите бидејќи биле вработени, пет поради итноста во постапката и недоволната информираност за ослободување од судски трошоци и три сметале дека нема да платат трошоци бидејќи биле тужени во постапката.

Од вкупно 14 жени што ќе ја водат оваа постапка, барање за ослободување од сите судски трошоци ќе поднесат шест, пет не знаат дали ќе поднесат, а три нема да бараат бидејќи сметаат дека вакво право имаат само невработените.

Во однос на реалните можности на жените за плаќање на секој вид на трошок, забележително е дека жените од двете категории најмалку можат да платат за трошоци за вештачење (25 жени), приближно половина не можат да платат за сите жалби и пресуди, а приближно една третина за тужба (табела 13).

| ЗАСТАПЕНИ ИЗНОСИ ЗА ВИДОВИ СУДСКИ ТРОШОЦИ | Тужба (А) | | Жалба (Б) | | Пресуда (В) | | Вештачење (Г) | | Вкупно по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г |
| 800/1 600/800/8000 | 10 | 7 | 5 | 5 | 7 | 5 | / | / | 17 | 10 | 12 | / |
| Не можам да платам | 7 | 5 | 10 | 5 | 10 | 5 | 16 | 9 | 12 | 15 | 15 | 25 |
| Не можам да одредам | / | 2 | 2 | 4 | / | 4 | 1 | 5 | 2 | 6 | 4 | 6 |
| ВКУПНО | 17 | 14 | 17 | 14 | 17 | 14 | 17 | 14 | 31 | 31 | 31 | 31 |

*Табела 13: Финансиски можности на жените за плаќање судски трошоци*

Карактеристично за жените што водат, односно воделе постапка за развод е дека 11 жени (n = 17) не знаеле за ослободување од трошоци за адвокат, додека шест знаеле, но сепак не барале ослободување.

Повеќето жени, односно 21 (n = 31) се изјаснија дека и покрај потребата сепак немаат, односно немале финансиска можност да платат за ниту едно адвокатско застапување. Само шест изјавија дека можат да издвојат од својата заработувачка за овој вид на трошоци и тоа четири жени можат да издвојат најмногу до 2 000 денари, а две до 3 000 денари (табела 14).

| НАВЕДЕНИ ИЗНОСИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| До 2 000 МКД | 2 | 2 | 4 |
| До 3 000 МКД | / | 2 | 2 |
| Не можам да платам | 13 | 8 | 21 |
| Не можам да одредам | 2 | 2 | 4 |
| ВКУПНО | 17 | 14 | 31 |

*Табела 14: Финансиски можности на жените за плаќање трошоци за едно адвокатско застапување*

Во однос на вкупно потрошените, односно потребните средства на жените за завршување на постапката (табела 15), може да се заклучи дека од вкупно 17 жени што водат или воделе постапка, четири ја завршиле оваа постапка. За три од нив за вкупните трошоци со судска пресуда била задолжена спротивната страна, а само една жена која била застапувана од адвокат во оваа постапка платила вкупно 30 000 денари за сите трошоци. Останатите 12 жени сè уште ја водат оваа постапка, со тоа што осум жени се изјаснија дека за иницирање на постапката имале дополнителни трошоци и тоа за административни такси за прибирање на документација. Од постапката се откажала една жена која се соочила со плаќање на трошоци и за достава на судска покана и за поставување привремен адвокат поради отсуство на спротивната страна, за што не била во можност да плати. Од жените што ќе водат постапка, повеќето или осум жени (n = 14) не знаат колку средства им се потребни, една смета дека нема да плати ништо, а пет дека ќе платат до 30 000 денари.

| ЗАСТАПЕНИ ИЗНОСИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 0,00 МКД | 3 | 1 | 4 |
| 30 000 МКД | 1 | 5 | 6 |
| Се откажав | 1 | / | 1 |
| Се води | 12 | / | 12 |
| Не знам | / | 8 | 8 |
| ВКУПНО | 17 | 14 | 31 |

*Табела 15: Вкупно потрошени, односно потребни средства на жените за водење на постапката*

Специфична карактеристика на оваа постапка е веројатноста во различните фази од судењето жените да се соочат со непредвидени потребни трошоци кои можат значително да го променат нивниот животен стандард. Утврдивме дека од четири завршени постапки, трошоците не го промениле стандардот на живот кај три (кај кои спротивната страна била задолжена за трошоци), а делумно го промениле кај жената застапувана од адвокат со вкупно 30 000 денари за судски трошоци. Од вкупно 12 постапки кои сè уште се водат, на пет жени им се променил стандардот на живот уште пред иницирање на постапката поради трошоци за превоз и трошоци за прибирање на потребни документи. На една жена ѝ била загрозена егзистенцијата, бидејќи била оптоварена со трошоци за привремен адвокат, поради што била принудена да се откаже од водење на оваа постапка.

Повеќето од жените што ја водат или ја воделе оваа постапка доживеале стрес во многу голема мера, односно ова го изјавиле 10 од жените (n = 17). Три од нив доживеале многу стрес и четири стрес во средна мера.

Карактеристичен податок за жените што ја водат или ја завршиле постапката (n = 17) е дека и покрај судското искуство, сепак повеќето, односно 11, се изјаснија  дека не можат да одредат колку судската постапка била фер, а 15 не можат да одредат колку е фер постигнатиот исход. Ваквиот неодреден став кај повеќето жени е оправдан, ако земеме предвид дека постапката не е завршена за 12 жени, а една се откажала од постапката. Исто така, може да се заклучи дека жените, односно 16 од нив, не можат да одредат колку со исходот се надоместува штетата направена од проблемот,  а 14 жени не можат да одредат дали е вреден исходот, во однос на потрошените средства, време и доживеан стрес во постапката. Според жените, постапката негативно влијаела врз нивниот живот, мнозинството или 12 жени изјавиле дека таа негативно влијаела во многу голема мера.

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. | Постапката негативно влијае врз нивниот живот |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / | 1 | 2 |
| Малку | / | / | / | / | / |
| Средно | 5 | 2 | / | / | 1 |
| Многу | / | / | / | 1 | / |
| Многу голема мера | 1 | / | 1 | 1 | 12 |
| Не можат да одредат | 11 | 15 | 16 | 14 | 2 |
| ВКУПНО | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |

*Табела 16: Податоци за жените што водат/воделе постапка*

Од податоците (табела 17) може да се заклучи дека жените што допрва ќе ја водат оваа постапка имале различни очекувања, односно приближно половина очекуваат дека постапката ќе биде многу фер. Пет очекуваат фер исход во однос на тоа дали исходот ќе вреди во однос на потрошените средства, време и претрпен стрес што би го доживеале додека се обидуваат да го решат проблемот во оваа постапка, пет не можат да одредат, додека по три жени очекуваат дека ќе вреди многу и во многу голема мера.

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | 3 | 3 | 1 |
| Малку | / | 1 | / |
| Средно | / | / | / |
| Многу | 6 | 5 | 3 |
| Многу голема мера | 3 | 3 | 3 |
| Не можат да одредат | 2 | 2 | 5 |
| **ВКУПНО** | **14** | **14** | **14** |

*Табела 17: Податоци за жените што ќе водат постапка*

## В. Делба на имот во кој не се спори сопственоста

Жените што претрпеле семејно насилство имаат потреба од водење на постапка за утврдување на правото на имот стекнат во брачна, односно вонбрачна заедница. За да го решат проблемот, потребно е навремено да платат трошоци за судски такси за предлог во износ од 480 денари, за жалба 960 денари и за такса за одлука во износ од 480 денари. Во постапката се вклучени и судски трошоци за увид од страна на судот во износ од 1 400 денари и трошок за геодет во износ од 3 520 до 8 310 денари.

За различните видови на судски такси и трошоци знаеле сите три жени што водат или воделе ваква постапка, додека од жените што ќе водат постапка, две не знаеле за таксите и трошоците, а останатите две делумно знаеле и тоа за предлогот, а едната знаела и за таксата за одлука.

| ВИДОВИ СУДСКИ ТРОШОЦИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Судска такса за предлог | 3 | 2 | 5 |
| Судска такса за жалба | 3 | / | 3 |
| Судска такса за одлука | 3 | 1 | 4 |
| Увид | 3 | / | 3 |
| Геодет | 3 | / | 3 |
| Не знае | / | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | **14** | **14** | **14** |

*Табела 18: Податоци за информираност на жените за видовите судски трошоци (можни се повеќе одговори)*

Од аспект на ослободување од плаќање на трошоци во оваа постапка, од жените што водат или ја воделе оваа постапка, сите три знаеле дека можат да бидат ослободени од судската такса за предлог и две од нив знаеле за ослободувањето од судската такса за одлука, додека за ослободувањето од сите останати такси и трошоци знаела само по една жена (табела 19). И покрај тоа што жените знаеле дека можат да бидат ослободени од плаќање, не барале ослободување. Односно, две жени сметале дека не ги исполнуваат законските услови за ослободување бидејќи биле вработени, а третата сметала дека е во можност да ги плати. Од жените што ќе водат ваква постапка, ниту една не знае за можноста од ослободување од плаќање (табела 19). Ослободување од плаќање ќе бараат две од жените и тоа за сите судски трошоци, а останатите две не знаат дали ќе бараат ослободување од судски трошоци. Три од жените што водат/воделе постапка и што биле информирани за ослободување од судски трошоци, информациите ги добиле од ГО и по една жена и од пријатели и од адвокат. Добиените информации ги разбрала една жена, една делумно разбрала и една не разбрала.

| ВИДОВИ СУДСКИ ТРОШОЦИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Судска такса за предлог | 3 | / | 3 |
| Судска такса за жалба | 1 | / | 1 |
| Судска такса за одлука | 2 | / | 2 |
| Увид | 1 | / | 1 |
| Геодет | 1 | / | 1 |
| Не знам | / | 4 | 4 |
| ВКУПНО | 3 | 4 | 7 |

*Табела 19: Податоци за жените за информираноста за ослободување од плаќање судски трошоци (можни се повеќе одговори)*

Од двете категории на жени, поинформирани се оние што ја водат, односно ја воделе оваа постапка. Од жените што водат или ја воделе постапката, сите знаат за точниот износ на предлогот, една знае за износот на чинење на одлуката, додека две знаат за висината на трошокот за увид. Од оние што ќе ја водат (n = 4) оваа постапка, ниту една не знае за предлог, жалба, одлука и увид. Од овие жени, за висината на трошокот за геодет, две го знаат повисокиот износ (табела 20).

| ЗАСТАПЕНИ ОДГОВОРИ ЗА ИЗНОСИ ЗА СУДСКИ ТРОШОК | Предлог (А) | | Жалба (Б) | | Одлука (В) | | Увид (Г) | | ГЕОДЕТ (Д) | | Вкупно за секоја категорија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г | Д |
| 480 денари | 3 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | 3 | / | 1 | / | / |
| 1 400 ден. | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | 2 | / |
| Не знаат точни износи | / | 2 | 2 | / | 1 | 2 | / | 2 | / | / | 2 | 2 | 3 | 2 | / |
| 3 520 ден. | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | 2 |
| До 8 310 ден. | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | 2 |
| Не знам | / | 2 | 1 | 4 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 5 | 3 | 3 | 3 |
| ВКУПНО | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |

*Табела 20: Информираност на жените за износот на чинење на различните видови на судски такси и трошоци*

Жените не можат да платат за сите судски трошоци вклучени во постапката. Дел од жените се во можност да платат и тоа најмногу, односно четири, за предлогот, по три жени можат да платат за одлука и за увид и две можат да платат за жалба. Најголемо финансиско оптоварување за жените е трошокот за геодет, односно овој трошок не можат да го платат пет жени, а две не можат да одредат дали можат да платат (табела 21).

| ЗАСТАПЕНИ ИЗНОСИ | Предлог (А) | | Жалба (Б) | | Одлука (В) | | Увид (Г) | | ГЕОДЕТ (Д) | | Вкупно за секоја категорија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г | Д |
| 480 | 3 | 1 | / | / | 2 | 1 | / | / | / | / | 4 | / | 3 | / | / |
| 960 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / |
| 1 400 | / | / | / | / | / | / | 2 | 1 | / | / | / | / | / | 3 | / |
| Не може да плати | / | 1 | 1 | 2 | / | 2 | / | 3 | 2 | 3 | 1 | 3 | 2 | 3 | 5 |
| Не може да одреди | / | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| ВКУПНО | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |

*Табела 21: Можност на жените за плаќање на судски трошоци*

Значајно е да се напомене дека од жените што водат или воделе постапка сите не знаеле дека можат да бидат задолжени со адвокатските трошоци на спротивната страна во случај на неуспех во постапката. Само една знаела за можноста од ослободување од трошоци за адвокатско застапување, но сепак не поднела барање. Ниту една од трите жени што водат постапка немале ангажирано адвокат бидејќи не можеле да платат. Од четири жени што допрва ќе водат постапка, две не можат да платат да бидат застапувани од адвокат, една не може да одреди, а една жена може да плати најмногу до 2 000 денари за застапување за едно судско рочиште. Во однос на тоа колку изнесува застапувањето на адвокат за едно рочиште, две сметаат дека изнесува најмалку 6 000 денари и две најмалку 7 000 денари.

Иако постапката не е завршена за ниту една од трите жени што водат/воделе постапка, сепак поради платените трошоци (за административни такси и за заверка на нотар за документи потребни како доказ во постапката) на сите три делумно им се променил стандардот на живот, а воедно се изјасниле дека доживеале стрес во многу голема мера обидувајќи се да го решат проблемот со постапката. Од сите седум жени што водат, воделе или ќе водат ваков вид на постапка, шест не знаат дали ќе продолжат со постапката доколку таа им ја загрози егзистенцијата, а една од нив со сигурност ќе се откаже.

Карактеристичен податок е дека жените што ја водат оваа постапка и покрај тоа што таа не е завршена, не можат да се произнесат за тоа дали постапката е фер. За сите останати параметри, бидејќи зависат од исходот на постапката, нормално е да не можат да одредат. Кога зборуваме за негативното влијание на постапката врз нивниот живот, две жени не можеле да одредат, а една се изјаснила дека постапката негативно влијае во многу голема мера.

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. | Постапката негативно влијае врз нивниот живот |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / | 1 | / |
| Малку | / | / | / | / | / |
| Средно | / | / | / | / | / |
| Многу | / | / | / | / | / |
| Многу голема мера | / | / | / | / | 1 |
| Не можат да одредат | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 |
| ВКУПНО | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

*Табела 22: Податоци од жените што водат/воделе ваква постапка*

Од жените што допрва ќе ја водат оваа постапка, две очекувале дека постапката ќе биде фер во многу голема мера,  а две не можат да одредат што очекуваат. Една од нив не можела да одреди дали исходот од постапката ќе биде фер, две очекуваат исходот од постапката да е фер во многу голема мера и една смета дека исходот ќе биде средно фер. И во однос на тоа дали исходот на постапката вреди во однос на потрошените средства, време итн., две од жените се изјасниле дека во многу голема мера ќе вреди, една средно и една не можела да одреди (табела 23).

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / |
| Малку | / | / | / |
| Средно | 1 | 1 | 1 |
| Многу | / | / | / |
| Многу голема мера | 1 | 2 | 2 |
| Не можат да одредат | 2 | 1 | 1 |
| ВКУПНО | 4 | 4 | 4 |

*Табела 23: Податоци за жените што ќе водат постапка*

## Г. Делба на имот во кој се спори сопственоста

Многу од жените што претрпеле семејно насилство и покрај подготвеноста да бараат судска заштита за признавање на сопственост од заеднички стекнатиот имот, се соочуваат со ограничен пристап до оваа постапка. Ова е вака пред сè поради високо определените судски такси и трошоци вклучени во постапката, поради што оваа постапка се карактеризира како една од најскапите постапки во граѓанскиот правен систем. Ова значи дека жените за да иницираат  постапка, потребно е да платат такса за тужба во износ од 48 000 денари, за жалба 96 000 денари и такса за пресуда во износ од 48 000 денари. Покрај таксите, треба да се платат и дополнителни трошоци, како увид од судот во износ од 1 400 денари и трошоци за геодет од најмалку од 3 520 до 8 310 денари.

Ваква постапка планира да води само една жена која знае за судските такси за тужба, пресуда и геодет, но не знае колку е потребно да плати за секој од овие трошоци. Таа не е запознаена за судската такса за жалба и увид од страна на судот, ниту пак колку изнесуваат трошоците за нив. Иако не знае за ослободувањето од судски трошоци, сепак планира да поднесе барање за ослободување од сите судски трошоци.

Карактеристично е дека оваа жена е невработена и не може да одреди дали е во можност да ги плати судските трошоци, вклучувајќи го и ангажирањето на адвокат, бидејќи нејзините родители финансиски ќе ѝ помогнат. Таа ниту знае дека може да бара судот да ја ослободи од трошоци за адвокат, ниту пак знае дека може судот да ја задолжи со трошоци за адвокат на спротивната страна, доколку не успее во постапката. Оваа жена претпоставува дека трошокот за адвокатско застапување за едно судско рочиште изнесува до 7 000 денари, но не може да претпостави колку вкупно средства ѝ се потребни за сите трошоци до завршување на постапката. Ако поради плаќањето на трошоците ѝ биде загрозена егзистенцијата, не знае дали ќе се откаже од постапката.

Од постапката очекува дека ќе биде многу малку фер, а исто така го оценува и исходот од постапката. Дополнително очекува дека исходот од постапката многу малку ќе вреди во однос на потребните средства за трошоци во постапката, потрошеното време и претрпениот стрес.

## Д. Постапка за издршка

Многу од жените водат постапки во однос на плаќање или промена на еднаш определената издршка за децата, со која се задолжени нивните поранешни брачни, односно вонбрачни партнери. Во овие постапки жените можат да се соочат со плаќање на судски трошоци што се определуваат во зависност од износот на побараната издршка за период од три месеци. На пример, доколку вкупно побараната издршка за три месеци надминува 15 000 денари, тогаш основна вредност на постапката е 20 000 денари, што значи дека судската такса за тужба изнесува 800 денари, за жалба 1 600 денари и таксата за пресуда е 800 денари.

Ваква постапка водат четири жени што знаеле за сите судски такси и трошоци со кои ќе се соочат во постапката, освен една која не знаела за судската такса за жалба. За ослободување од трошоци знаат три од нив. Од овие три, две знаеле за ослободување од сите трошоци, а една знаела за ослободување од трошоци за предлог и ослободување од судска одлука. Две од жените поднеле формално барање до судот, од кои една за сите трошоци, а втората само за такса за тужба. Останати две жени не барале, поради тоа што како вработени сметале дека не ги исполнуваат законските услови. За можноста од ослободување од судски трошоци биле информирани од ГО и ги разбрале добиените информации, а една од жените делумно ги разбрала информациите.

Во однос на информираноста за трошоците за судски такси, утврдивме дека жените знаеле точно колку чинат трошоците за судски такси за предлог и одлука, но ниту една не знаела колку точно е потребно да плати за жалба.

Жените немаат реални можности да платат за сите трошоци во постапката. Поточно, само две жени можат да платат такса за предлог и одлука, а ниту една не може да плати такса за жалба. Карактеристично за овие жени е дека во текот на постапката се соочиле со дополнителни трошоци, и тоа две со плаќање на административни такси за документи, потребни како доказ во постапката, една со трошоци за достава на судска покана и една со судски оглас и со трошоци за привремен застапник поради отсуство на тужениот во постапката.

Жените не знаеле за можноста да бараат ослободување на трошоци за адвокат и дека постои можност да бидат задолжени од судот и за трошоци за адвокат од спротивната страна доколку не успеат во постапката. Ниту една жена не е застапувана од адвокат во постапката, бидејќи немала можност да плати.

Во однос на потрошените средства во постапката, две од жените што ја завршиле постапката платиле трошоци во износ од 800 и 1 600 денари. Една жена за да покрене постапка имала трошоци од околу 900 денари, но била принудена да се откаже бидејќи судот ја задолжил да плати трошоци за објавување на судски оглас и привремен застапник во отсуство на спротивната страна. Постапката не е завршена за една жена. Плаќањето на трошоците во постапката делумно ѝ го промениле стандардот на живот на една жена, а егзистенцијата ѝ била загрозена на жената што била оптоварена со трошоците за објавување на судски оглас и за привремен адвокат за отсуство на спротивната страна и поради ова таа се откажала. Две доживеале стрес во многу голема мера, а помалку, односно стрес во средна мера доживеале останатите две жени.

Жените формирале различни ставови, односно мислења за тоа дали постапката била фер. Само една од нив не може да одреди колку е фер оваа постапка за неа. Имено, една од жените сѐ уште не ја завршила оваа постапка. Од жените што ја завршиле постапката, две не можат да одредат во колкава мера е фер крајниот исход од постапката, а една од нив смета дека е фер во средна мера. Ниту една не смета дека исходот од постапката ја надоместил направената штета. Една од оние што ја завршиле постапката не може да одреди дали исходот од постапката вреди во однос на потрошените средства и време, за една жена исходот вреди многу и за една вреди во многу мала мера. Дали постапката има негативно влијание врз животот на трите жени што ја завршиле оваа постапка е оценето различно, од многу мало негативно влијание, средно негативно до во многу голема мера негативно (табела 24).

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. | Постапката негативно влијае врз нивниот живот |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | 1 | / | / | 1 | 1 |
| Малку | / | / | / | / | / |
| Средно | 1 | 1 | / | / | 1 |
| Многу | 1 | / | / | 1 | / |
| Многу голема мера | / | / | / | / | 1 |
| Не можат да одредат | 1 | 3 | 4 | 2 | 1 |
| ВКУПНО | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |

*Табела 24: Податоци за жените што водат/воделе постапка*

## Ѓ. Постапка за старателство

Оваа постапка е една од позначајните на жените за судско решавање на проблемот за доверување старателство на деца од брачната, односно вонбрачната заедница. Основната вредност на оваа постапка е определена во износ од 20 000 денари, што значи дека жените за да поведат постапка пред суд потребно е да платат такса за тужба во износ од 800 денари, за жалба од 1 600 денари и такса за пресуда во износ од 800 денари. Во зависност од потребите, во оваа постапка се вклучени и дополнителни трошоци за психијатриско вештачење за родителска подобност, кои можат да бидат во износ од 8 000, 10 000 и 30 000 денари за супервештачење.

По овој правен основ, само три жени водат ваква постапка, од кои две пред иницирањето знаеле за сите вклучени трошоци и знаеле за можноста од ослободување од плаќање за сите судски трошоци во постапката. Една од жените знаела само за такса за тужба и таа не се сеќава дали пред постапката знаела за можноста за ослободување од плаќање на трошоци во оваа постапка. Информациите за ослободувањето жените ги добиле од ГО, од кои две жени во целост ги разбрале информациите, а една од нив делумно ги разбрала.

Жените пред да поведат постапка биле запознаени колку точно изнесува секој од судските трошоци, со исклучок на една која знаела само за тоа колку чинат трошоците за тужба и за пресуда. Ниту една од жените не поднела формално барање до судот за ослободување од причина што како вработени жени сметале дека не ги исполнуваат законските услови. Сепак, жените не можат да ги платат вкупните судски трошоци, односно две можат да платат за тужба и пресуда, но не и за жалба и за судско вештачење. Во текот на постапката жените не се соочиле со дополнителни трошоци и не ангажирале адвокат, бидејќи не можат да платат ниту за застапување за едно судско рочиште и не знаеле за можноста да бидат задолжени со трошоци за адвокат од спротивната страна во случај на неуспех во постапката.

Две жени постапката ја завршиле со судска одлука спротивната страна да ги надомести вкупните трошоци на жените во износ од 800 и 1 600 денари, а едната сѐ уште ја води оваа постапка. Поради плаќање на трошоци за оваа постапка, делумно се променил стандардот на живеење само на една од жените. Две од нив додека се обидувале да го решат проблемот во постапката, доживеале стрес со средна мера, додека малку стрес искусила и жената за која постапката не е завршена.

Од трите жени што ја водат оваа постапка, две сметаат дека постапката е средно фер, а една дека е фер во многу мала мера. Од двете што ја завршиле постапката, едната го оценила исходот како средно фер, а другата како фер во многу голема мера. Во однос на тоа колку исходот од постапката ја надоместил направената штета, од двете жени што ја завршиле едната смета дека многу ја надоместил, а другата во многу голема мера. Овие две жени сметаат дека исходот од постапката многу вреди во однос на потрошените средства, време итн. Сите три жени што воделе, односно водат ваква постапка сметаат дека постапката има средно негативно влијание врз нивниот живот (табела 25).

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошените средства, време итн. | Постапката негативно влијае врз нивниот живот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Многу мала мера** | / | / | / | / | / |
| **Малку** | / | / | / | / | / |
| **Средно** | 2 | 1 | / | / | 3 |
| **Многу** | / | / | 1 | 2 | / |
| **Многу голема мера** | 1 | 1 | 1 | / | / |
| **Не можат да одредат** | / | 1 | 1 | 1 | / |
| **ВКУПНО** | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

*Табела 25: Податоци за жените што водат/воделе постапка*

## Е. Постапка за иселување од семејниот дом

Неретко жените се соочуваат и со проблем за иселување на брачниот, односно вонбрачниот партнер од домот што е во нивна лична сопственост. За судска заштита на правото на лична сопственост, жените во постапката може да се соочат со плаќање трошоци за судска такса за тужба во износ од 1 200 денари, за жалба 2 400 денари и за пресуда во износ од 1 200 денари, пресметани од основната вредност на постапката која изнесува 40 000 денари.

Оваа постапка ќе ја водат пет жени од кои само една знае за сите видови на трошоци со кои ќе се соочи во постапката, две знаат само за трошоци за тужба, а две не знаат за ниту еден вид на судски трошок. Една од овие пет знае за можноста од ослободување од трошоци за тужба и пресуда. Исто така, жените не знаат колку точно чини секој судски трошок во постапката.

Формално барање до судот за ослободување на сите трошоци ќе поднесат две жени, а преостанатите три не знаат дали би ја користеле ваквата можност. За оваа можност се информирале од пријатели, роднини и адвокати, а добиените информации ги разбрале делумно.

Три од вкупно пет жени можат да платат за трошоци за судски такси вклучени во постапката. Ниту една не знае за можноста за ослободување од трошоци за адвокат, ниту пак за можноста судот да ги задолжи со трошоци за адвокат на спротивната страна во случај да не успеат во постапката. Четири жени сметаат дека трошокот за застапување од адвокат за едно судско рочиште чини до 7 000 денари, а една смета дека чини до 8 000 денари. Една не може да плати трошоци за адвокат, една не може да одреди, а три можат да платат. Од оние што можат да платат, две можат да издвојат до 2 000 денари и една најмногу до 3 000 денари.

Жените не можат да претпостават колку вкупно средства им се потребни за плаќање на трошоци до завршување на постапката, но во случај со плаќањето да им се загрози егзистенцијата, три нема да се откажат, додека две жени не знаат дали ќе продолжат да ја водат постапката.

Најголем број од жените, односно четири (n = 5) очекуваат дека постапката и исходот ќе бидат фер и дека исходот од постапката ќе вреди во однос на потрошените средства, време итн. Една од нив очекува дека постапката и исходот ќе бидат многу фер. Оваа жена смета дека и исходот многу ќе вреди во однос на потрошените средства, време итн. (табела 26).

| ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потро-шените средства, време итн. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / |
| Малку | / | / | / |
| Средно | / | / | / |
| Многу | 1 | 1 | 1 |
| Многу голема мера | 4 | 4 | 4 |
| Не можат да одредат | / | / | / |
| ВКУПНО | 5 | 5 | 5 |

*Табела 26: Податоци за жените што ќе водат постапка*

## Ж. Прибрани податоци од други аспекти

Повеќето од жените не знаат кои документи им се потребни за судот да им одобри ослободување од судски трошоци. Само четири од жените (две што водат, воделе и две што ќе водат) знаат за сите потребни документи (табела 27).

| ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ | ВОДАТ/ВОДЕЛЕ | ЌЕ ВОДАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Потврда за остварени приходи | 2 | / | 2 |
| Потврда за користење социјална помош | 1 | / | 2 |
| Потврда за невработеност | 2 | 1 | 3 |
| Сите три наведени документи | 2 | 2 | 4 |
| Не | / | 8 | 8 |
| Не знам | 10 | 5 | 15 |
| Не се сеќавам | 2 | / | 2 |
| ВКУПНО СПРОВЕДЕНИ ПРАШАЛНИЦИ | 21 | 15 | 36 |

*Табела 27: Информираност на жените за потребната документација за ослободување од судски трошоци (можни се повеќе одговори)*

# СТАВОВИ НА ЖЕНИТЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРОМЕНА ВО ОДНОС НА СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Од аспект на потребата од промени во пристапот до правда, жените што беа вклучени во оваа анализа, како најзасегнати со пречките со кои се соочуваат обидувајќи се судски да ги решат правните проблеми, ги прашавме за потребните интервенции кои државата треба да ги преземе во насока на подобар пристап до правда. Сите жени сметаат дека има потреба од промена. Нешто помалку од половина или 17 жени не можат да проценат каков вид на интервенции се потребни, додека останатите 18 жени дадоа повеќе предлози во насока на олеснување на постапката за ослободување од судските трошоци (8), укинување на судските трошоци за жртвите на семејно насилство (4), намалување на трошоците за одредени категории на лица (10) итн.

Поконкретно го предложија следното:

- Да се намалат судските такси во сите постапки по семејни спорови и тие да бидат достапни и прифатливи, односно индивидуално определени според приходите на граѓаните.
- Да се изнајде соодветен начин за бесплатна судска заштита и за жени што не пријавуваат семејно насилство и немаат доволно средства навремено да ги платат сите трошоци.
- Да се воведе можност за решавање на повеќе проблеми во една постапка за намалување на судските трошоци, но и за дополнителните трошоци пред и надвор од постапката, честите отсуства од работа, трошоците за превоз итн.
- Да се зголеми информираноста за тоа како и каде да се бара бесплатна правна помош, со совети за ослободување од судски трошоци и постојано да се информираат со корисни информации, особено за постапки по семејни спорови.
- Да се воспостават информативно-правни центри во секоја општина што ќе им даваат брзи и јасни упатства и инструкции на граѓаните, како и каде може да го решат проблемот, со што ќе се намалат непотребните трошоци и ќе се заштеди на време и лутање по институции.
- Да се воспостави некој вид на институција која итно и бесплатно ќе ги решава само семејните спорови за сиромашни и жртви на СН.
- Судот да закажува итни судења за жените жртви со итни решенија за проблемот, но и помал ризик од средби со насилникот.
- Да се иницираат бесплатно сите семејни постапки за да се постигне судско решение на проблемот, а со пресудата судот да одлучи која страна да ги плати трошоците.
- Да не се дозволи жените што претрпеле насилство да се откажуваат од судење, односно судот да ги ослободува од трошоци во пониски износи, а потоа на крајот на постапката да ги задолжува жените да платат и неколку пати повисоки трошоци.
- Да се изнајде начин за неоптоварување со трошоците за адвокат за спротивната страна, дури во случај на неуспех на постапката, особено кога правата на жената што претрпела насилство не ги бранел адвокат.
- Да се овозможи бесплатно собирање на документацијата потребна во постапката и тоа од административни такси, нотарски заверки и бесплатен превоз во текот на постапката за сиромашните жени што претрпеле семејно насилство.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Спроведената анализа претставува солидна основа од која преку базата на податоци можат да се изведат одредени заклучоци и препораки за актуелната состојба за пристапот до судска заштита за жените што претрпеле семејно насилство. Заклучоците, толкувани и во корелација со претходната анализа, ги идентификуваат пречките со кои се соочуваат жените во досегашната практика при потребата од водење судски постапки по семејни спорови како последица на проблемот со претрпеното семејно насилство.

Генералниот заклучок е дека постојната законска регулатива за висината на судските такси и можноста за ослободување од судски трошоци е недоволно позната, односно недоволно заживеана кај жените што претрпеле семејно насилство. За надминување на ваквиот недостиг, потребно е да се преземат активности и мерки за поширока информираност за посочената законска регулатива, а воедно е неопходно таа да се доуреди со нови законски решенија, со цел итна и ефикасна судска заштита за правни проблеми како последица на семејното насилство.

## ПОСЕБНИ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА СЕКОЈА ПОСТАПКА ОДДЕЛНО

### А. Привремени мерки за заштита – ПМЗ

**1.** Повеќето жени опфатени со оваа анализа знаат дека центарот за социјални работи по пријава за проблем со семејно насилство може да предложи привремени мерки против насилникот и обезбедува правна помош за водење на постапката пред суд.

**2.** Информираноста за судските такси и трошоци вклучени во постапката се претежно непознати за жените, односно најбројни се жените што не се информирани, а околу третина од нив не биле информирани бидејќи постапката ја воделе со помош на ЦСР.

**3.** Законските можности за ослободување од судски трошоци претставуваат специфична неинформираност, поради тоа што повеќето жени не знаат за трошоците за судските такси бидејќи постапката се водела или допрва ќе се води на предлог на ЦСР.

**4.** Ниту една од жените не е запознаена дека има право да бара, преку Министерството за правда, да биде бесплатно застапувана од адвокат и ослободена од сите судски трошоци, доколку претходно пријави семејно насилство согласно со Законот за бесплатна правна помош.

**5.** Оваа постапка, која се води или допрва ќе се води, е најмалку по предлог на жените, кои пак и не се информирани дека доколку претходно не побараат ослободување од судски трошоци и ако навремено не се платени судските такси, судот нема да постапи по предлогот и може дури и да ги задолжи со вкупните судски трошоци, доколку не успеат во постапката.

**6.** Интересот на жените за привремените мерки е зголемен на 32 % наспроти 17 % во претходната анализа, но специфичен е наодот во оваа анализа дека дури половина од жените кои и покрај тоа што немале трошоци при водење на постапката, сепак се откажале.

**7.** Жените имаат различни ставови за тоа во колкава мера е фер судската постапка и постигнатиот исход, но скоро сите не можат да одредат колку вреди крајниот исход, спореден со доживеаниот голем стрес при водење на постапката, како и потрошеното време и средства.

**8.** Освен оваа постапка, секоја од жените води или допрва ќе води и постапка за развод, а приближно една третина и постапка по имотни спорови.

## Б. Развод

- Повеќето од жените, покрај разводот, во истата постапка се засегнати и за добивање на старателство на децата, па затоа и покрај претрпеното насилство се подготвени бракот да се разведе спогодбено.
- Мнозинство од жените погрешно очекуваат дека со поднесување на тужба за нарушени брачни односи поради семејно насилство во истата постапка има можност и за делба на брачниот имот, а не така ретко и за надомест на штета поради насилство од сопругот.
- Информираноста на жените за судските такси при разводот е подобрена за 13 % споредено со претходната анализа, поточно мнозинството знае за такса за тужба поради тоа што дел од жените покренувале постапка за развод, а потоа се откажале. Најбројни се жените што не се запознаени со можноста за поднесување на такса за жалба и трошоци за вештачење.
- Скоро сите жени не знаат колку вкупно ќе ги чини разводот, вклучувајќи ги и третина од жените што се запознаени со точните износи за тужба, жалба и пресуда.
- Можноста за ослободување од плаќање на судски трошоци им е позната  на третина од жените, од кои повеќето знаат само за судски такси, а по основ на невработеност (Закон за судски такси), а помалку знаат за ослободување од сите судски трошоци по основ на евидентирани жртви на семејно насилство (Закон за бесплатна правна помош) и без да се утврдува нивната материјална состојба.
- Најбројни се жените кои за судските такси и ослободување од судски трошоци се информирале од ГО и пријатели, а помалку од институции. Сепак, дел од нив не барале ослободување поради проблеми при прибирање на потребната документација, недостиг на време или неподготвеност да го исполнат законскиот предуслов и да се евидентираат како жртви на семејно насилство.
- Повеќето жени немаат пари за да платат трошоци за судски такси, а речиси ниту една не може да плати трошоци за вештачење. Дополнително финансиско оптоварување за жените е можноста за зголемување на вкупните трошоци со трошоци за достава на судска покана, објава на судски оглас и особено за поставување на привремен адвокатски застапник за отсутната страна за да заврши постапката.
- Речиси никоја од жените при разводот не е застапувана од адвокат, бидејќи ниту можат да платат адвокатски трошоци, ниту пак знаат дека во случај на поголем неуспех во барањата е потребно да платат за сите трошоци и за спротивната страна, кој е најчесто застапуван од адвокат.
- На третина од жените судските трошоци за развод им го смениле стандардот на живот и тие доживеале голем стрес, дури и пред да заврши постапката, но сепак од неа претежно се откажуваат кога им е загрозена егзистенцијата.
- Повеќето од жените што имаат лично искуство од разводот не можат да одредат колку е фер постапката и исходот и во колкава мера е вредна во однос на потрошените средства и доживеаниот стрес, за разлика од големите очекувања на повеќето жени кои допрва ќе водат постапка за развод.

## В. Имотни спорови - делба на имот во кој не се спори сопственоста, делба на имот во кој се спори сопственоста и иселување од домот

**1.** Помалку жени се подготвени да се обидат судски да го решат проблемот со делба на брачниот имот, дел поради страв повторно да се соочат со насилникот, а често и поради тешкотии во докажувањето, бидејќи родителот на сопругот е формално-правно носител на сопственоста на стекнатиот имот.

**2.** Жените што имаат дом во лична сопственост започнуваат постапка за иселување дури откако разводот е завршен.

**3.** Жените не се доволно информирани за судските такси и ослободувањето од судски трошоци во имотните спорови, односно повеќето знаат за тужба и пресуда а помалку знаат за останатите трошоци, но и за законските услови за ослободување од трошоци. Информациите ги добиле од ГО.

**4.** Жените не можат да ги платат вкупните судски трошоци, па затоа бараат ослободување од нив (Закон за судски такси и Закон за парнична постапка), но не знаат за сите потребни документи за тоа, ниту пак како да остварат право на бесплатен адвокат (Закон за бесплатна правна помош).

**5.** Малку од жените, кои се заинтересирани за постапките, веќе започнале постапка во која имале претходни трошоци за прибирање на документи потребни како докази во постапката.

**6.** Имотните спорови предизвикуваат голем стрес кај секоја од жените, а во случај судските трошоци да го променат стандардот на живот ќе продолжат само жените со постапка за иселување од домот, дури и да им се загрози егзистенцијата.

**7.** Само жените во постапка за иселување од домот очекуваат судската постапка и постигнатиот исход да бидат фер и вредни во однос на потрошените средства, време и претрпен стрес.

## Г. Издршка и старателство

**1.** Помал е интересот на жените за водење на постапка за издршка и старателство за малолетните деца поради можноста проблемот да се реши во постапка за развод, па затоа ова е својствено претежно за жени што имаат деца од вонбрачна заедница.

**2.** Во однос на информираноста за судски такси и ослободување од трошоци, на жените претежно им е познато кога се работи за тужба и пресуда, но помалку знаат за жалба и колку точно чини секоја од судските такси.

**3.** Повеќето жени се информирале од ГО, а помалку од ЦСР, но сепак не знаат за сите потребни документи и законски можности за бесплатно адвокатско застапување.

**4.** Половина од жените можат да платат само трошоци за тужба и пресуда, а скоро никоја не може да плати за жалба, дополнителни трошоци за достава на судска покана и за привремен застапник, поради што и се откажуваат во обидот да го решат проблемот.

**5.** Жените не можат да одредат во која мера се фер постапките и исходот и колкава е вредноста на постигнатиот исход во однос на потрошените средства до завршување на постапките.

## Д. Ставови на жените

Жените што претрпеле семејно насилство сметаат дека државата мора да пронајде решение за надминување на неинформираноста на жените, која заедно со стравот и недостигот на финансиски средства ги одвраќаат од решавање на проблемите во судските постапки.

# ПРЕПОРАКИ

**1.** Да се изнајде законско решение што ќе овозможи во една иста постапка да се решат повеќе правни проблеми на жените што доживеале насилство од партнерот. На пример, судот да одлучува по поднесените барања за развод на бракот и за делба на имот стекнат во брак (или пак за иселување од домот во лична сопственост). Сметаме дека ова ќе ги охрабри жените да водат судски постапки, бидејќи имаат потреба од брзи судски одлуки за заштита и остварување на нивните права и интереси.

**2.** Да се воспостави законска обврска за континуирано информирање на жените за секоја од законските можности за ослободување од сите судски трошоци и правото на бесплатен адвокат, од институциите кои се надлежни да постапуваат по пријава за семејно насилство.

**3.** Судовите и центарот за социјални работи по службена должност да им даваат правна поука на жените за прибирање на потребната документација и да ги упатуваат на судски постапки, согласно со проблемите со кои се соочуваат.

**4.** Да им се овозможи на најранливите и лицата со минимални лични приходи првенствено да покренуваат постапки по семејни спорови, а по завршувањето на постапката судот да одлучи по барањето за ослободување од судските трошоци преку увид во база на податоци за материјалната состојба или во спротивно да ги определи во одреден процент според приходите.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Анализава презентира **студија на случаи** на **жени што воделе** или **допрва ќе водат постапки по семејни спорови, како последица на проблем со претрпено семејно насилство. Студијата** на секој од трите случаи **е поделена** на **два дела.** Првиот дел ги прикажува критериумите за изборот на случаи, а вториот навлегува во специфичноста на случајот, во однос на решавање на правните проблеми согласно со постојните законски можности и правни практики. Критериумот за изборот на случаи е направен врз повеќе параметри, со цел да илустрираат различни животни ситуации со типични проблеми со кои се опфатени еден поголем, репрезентативен примерок на жени, кои воедно се и репрезенти за различна припадност според општествено-социјалниот статус и културно-религиските карактеристики, кои се важен интегрален дел од животот. **Трите одбрани случаи** се индивидуални и специфични примери, кои овозможуваат преку презентираните искуства на жените да се воочат произлезените заклучоци од оваа анализа за влијанието на трошоците на судските такси, како и можностите или пречките за да го уживаат правото на ослободување од плаќање на судски трошоци.

## 1.

**Првиот случај** е пример кој презентира искуство за типичните правни проблеми на жените во брак, кои имаат малолетни деца и со насилникот стекнале заеднички имот. Конкретниов случај посочува на повеќе фактори кои имаат влијание при водење на потребните судски постапки, како што се финансиските можности за плаќање судски трошоци, информираноста за законските права за ослободување од судски трошоци и временската рамка за исполнување на предвидените услови во веќе започнати постапки.

Д.Б. по националност е Македонка, има 41 година, завршила средно образование и како вработена има месечни приходи до 16 000,00 денари. Таа е жртва на семејно насилство од сопругот со кого има две деца. Во декември 2019 година побара правен совет во ЕСЕ првенствено за развод на брак, а потоа и за делба на имот стекнат во брачната заедница.

Во овој период Д.Б. се соочува со тужба за развод на брак поднесена од адвокат на сопругот. Таа е делумно запознаена со судските такси и трошоци бидејќи претходно веќе водела две судски постапки. Една од постапките е за привремени мерки, која ја водела по предлог и со помош на центарот за социјални работи. Во март 2019 година судот донел одлука и на насилникот, за период од шест месеци, му се изречени две привремени мерки и тоа забрана да врши семејно насилство и задолжително да го издржува семејството.

Истовремено, со оваа постапка Д.Б. започнала да води и постапка за развод на брак, со барање судот да ѝ го довери старателството на децата, а за нивното издржување таткото да плаќа по 5 000,00 денари што претставува 25 % од личните приходи на сопругот. За оваа постапка била застапувана од адвокат, бидејќи во тој период имала финансиска поддршка од родителите. Во мај 2019 година Д.Б. се откажала од разводот со цел да се обиде да го сочува бракот и семејството во целост, но исто така и сопругот престанал да врши насилство. Сепак, покренувањето на постапката за развод ја чинело Д.Б. околу 30 000,00 денари, како трошоци за судски такси за тужба, решение за повлекување на тужбата и адвокатски услуги за состав на тужба и застапување за две судски рочишта. По ваквите околности, а навидум и подобрените брачни односи, родителите на Д.Б., а и таа, со задолжување за банкарски кредити, успеале да изградат семејна куќа на земјиште во сопственост на сопругот.

Специфичен е случајот на Д.Б. бидејќи таа поради повтореното насилство од сопругот пак се соочува со проблем за развод со старателство за децата. Поради итноста од запазување на законскиот рок од приемот на тужбата, стручниот тим на ЕСЕ по барање на Д.Б. одлучи навремено да се поднесе писмен одговор на тужбата за развод и согласност по сите тужбени барања освен за судските трошоци, односно да се платат од тужителот, вклучувајќи ги и побараните трошоци за неговиот адвокат. Постапкава е завршена на 3.2.2020 година со судска пресуда дека бракот е разведен и старателството на децата е доверено на Д.Б., а тужителот да плаќа издршка по 4 000,00 денари за секое дете посебно, но и да плати за сите судски трошоци.

Во однос на потребата на Д.Б. за делба на имотот стекнат во брак, ЕСЕ правно ја советуваше и ја запозна за секој трошок вклучен во постапката и можноста тој да се зголеми и за повеќе пати во случај на спор, односно ако поранешниот сопруг не ѝ го признае правото на сопственост на една идеална половина од брачниот имот. По неколку одржани правни состаноци и телефонски контакти, а земајќи предвид дека Д.Б. нема финансиски можности да плати за судски трошоци и трошоци за увид и геодет, за оваа постапка е поднесено барање до Министерството за правда за ослободување од сите судски трошоци и бесплатно застапување од адвокат, согласно со Законот за бесплатна правна помош. По околу два месеца е одобрено барањето на Д.Б. а постапката не е завршена до подготовката на оваа анализа.

Повеќе од две години Д.Б. се обидува судски да ги реши проблемите како последица на семејно насилство. Таа, иако има искуство од водење на повеќе судски постапки по семејни спорови, сепак не може да процени во колкава мера биле фер судските постапки и колку вредат да се водат, бидејќи вкупните судски трошоци ѝ ја загрозија егзистенцијата, а воедно иако постигна успешни исходи во постапките што се завршени, сепак не ја надоместија направената штета од проблемот. Впрочем, Д.М. сè уште го нема решено станбеното прашање и со децата живее во стан под кирија, а досудената издршка за децата ја прима еднаш на три месеци.

**2.**

**Вториот случај** е репрезент за жените што покрај претрпеното насилство од вонбрачен партнер, селектира и типични проблеми околу издршката на децата, а не ретко и проблеми со заштита на личната сопственост. Конкретниов случај презентира искуство за зголемување на судските трошоци со дополнителни трошоци во текот на постапката, што практично е неможност за невработените жени да ја завршат постапката доколку не исполнат законски услови за ослободување од судски трошоци.

С.М. по националност е Србинка, има 44 години, завршила средно образование, а во последниве две години е невработена. Таа е жртва на долготрајно семејно насилство од вонбрачниот партнер со кого има малолетна ќерка на возраст од 10 години. Поради ваквиот неподнослив заеднички живот и претрпеното насилство, таа се обидувала да ја раскине вонбрачната заедница, но насилникот одбивал да го напушти домот кој С.М. го наследила од родителите. Во јануари 2020 година се обрати во ЕСЕ за помош и поддршка за решавање на проблемот со семејното насилство од партнерот и за добивање на старателството над малолетната ќерка.

Стручниот тим на ЕСЕ правно ја советуваше С.М. со укажување на правата за заштита на нејзините интереси и можностите за решавање на проблемите со кои се соочува во судска постапка. За запознавање и потполно информирање за водење на постапка за изрекување привремени мерки против насилниот партнер и постапка за издршка за малолетната ќерка беа одржани два состанока. ЕСЕ, за надминување на стравот кај жената ѝ обезбеди и бесплатно психолошко советување, кое придонесе да ѝ се поврати самодовербата и со добиената правна поддршка да се поттикне и одлучи за започнување со судските постапки.

За поведување на привремените мерки за заштита, ЕСЕ во согласност со жената, а поради ризикот од повторување на насилството, одлучи да ја упати во центарот за социјални работи, каде што имаат можност, во соработка со полицијата, да му предложат на судот итно изрекување на привремени мерки против насилникот. Истовремено, ЕСЕ ја подготви тужбата за издршка, но сепак доставувањето се одложи поради пречки околу прибирање на потребната документација за ослободување од сите судски трошоци. Имено, во овој период жената не го исполнуваше законскиот предуслов согласно со Законот за бесплатна правна помош, бидејќи сè уште не беше евидентирана како жртва на семејно насилство. Дополнително, таа се соочи со проблем околу прибирање на потребната документација за ослободување од судски трошоци според условите на Законот за судски такси и Законот за парнична постапка. Всушност, во овој период жената поради

пропуштање на терминот за контролно пријавување во Агенцијата за вработување го изгубила правото на активен барател на работа коешто подоцна предизвика и прекинување на социјалното право како корисник на гарантирана минимална помош. Поради ваквите околности, кон крајот на јануари пред надлежниот суд беше поднесена тужбата за издршка, со барање за ослободување од плаќање на сите судски трошоци, од причина што тужителката С.М. е невработена, нема лични приходи и не е корисник на социјална помош.

За привремените мерки по предлог на ЦСР судот закажа рочиште за 3.2.2020 година, но С.М. се откажа од водење на постапката поради заканите од вонбрачниот партнер околу старателството на нивната малолетна ќерка. Специфична забелешка за постапката во овој случај е тоа што иако беше прекината, сепак влијаеше врз тоа насилникот да го напушти домот на С.М., која беше охрабрена да продолжи со постапката за издршка со правна помош од ЕСЕ. При финализирањето на оваа анализа донесена е судска пресуда со која го задолжи тужениот да плаќа 4 000 денари, наспроти побараната издршка од 6 000 денари месечно. Судот не го одобри барањето за ослободување од судски трошоци и ја задолжи С.М. да плати по 800 денари такси за пресуда и одлука и 250 денари за објавување судски оглас за поставување привремен адвокатски застапник. Исто така со пресудата С.М. беше задолжена со 41 860 денари за трошоци за привремениот адвокатски застапник за одржани три судски рочишта од по 10 920 и 9 100 денари за одговор на тужба. Вкупните судски трошоци беа платени со финансиска поддршка на ЕСЕ, имајќи предвид дека С.М. е невработена и со нередовни приходи од неформалната економија.

Судските постапки имаа негативно влијание по животот на С.М. која доживеа голем стрес до донесувањето на судската одлука за издршка. Таа не може да одреди дали се фер судските постапки и исходот, бидејќи смета дека е неправедно задолжувањето од судот со трошоци за привремен застапник за отсутната страна, но и намалувањето на побараната издршка бидејќи не доставила докази за приходи на таткото. Како резултат на ова С.М. смета дека исходот многу малку вреди во однос на потрошените пари и време во постапката за издршка.

## 3.

**Третиот случај** е избран по повеќе параметри и е репрезент за жените, кои и покрај подготвеноста да бараат судска заштита за своите права и интерес, се соочуваат со многу пречки. Тие и не можат да започнат постапки по семејни спорови, поради вкоренети традиционални сфаќања кај насилникот за доминантната улога на мажот и подредената положба на жената, во однос на старателството на децата и сопственоста на имот, дури и по разделениот живот.

А.И. по националност е Албанка, има 37 години, нема завршено основно образование и во моментот е невработена. Таа бракот со сопругот го склучила во Италија, а за време на брачниот живот им се родиле четири деца. Сопругот, кој имал зависност од психотропни супстанции, првенствено вршел психичко насилство, кое ескалирало и со често физичко насилство со телесни повреди и закани со огнено оружје. Насилството продолжило и по нивното враќање во земјава поради што го напуштила насилниот дом и се засолнила во домот на родителите.

Во мај 2020 година А.И. побара правна помош од ЕСЕ за решавање на проблемот со заканите и малтретирањето од сопругот и по разделениот живот. Првенствено, таа е загрижена за безбедноста на малолетните деца кои останале во домот со таткото и побара правен совет за добивање на старателство. Стручниот тим на ЕСЕ ѝ даде правни совети за законските можности за решавање на проблемите со кои се соочува и ја упати во прибирање на документација што е потребна за водење на судски постапки.

ЕСЕ со А.И. одржа три состаноци, по кои таа изрази подготвеност да води три постапки и тоа за привремени мерки за заштита, развод на брак со старателство на децата и делба на имот стекнат во брак. А.И. се соочува со пречки за започнување на судските постапки, бидејќи ја нема потребната документација, како лична карта, венчаница, изводи на родени за децата, банкарски картички и сл. Таа не е запознаена со трошоците за судски такси за ниту една од постапките, ниту пак знае за можноста да бара ослободување од плаќање. Во овој период смета дека има финансиска поддршка од родителите, но сепак доколку судските трошоци ги надминуваат можностите за плаќање, не знае дали ќе може да ги заврши сите постапки.

А.И. ги пријави заканите од сопругот во полиција и го извести ЦСР за попречувањата да контактира со децата. Полицијата постапила по пријавата и го опоменала сопругот, по што тој заедно со децата заминал повторно во Италија.

# ЗАКЛУЧОК

Резултатите што се добиваат од студијата на случај укажуваат на животни ситуации што ги надминуваат капацитетите на жените за успешно завршување на потребните постапки по семејни спорови, доколку не им се обезбеди бесплатна правна помош и поддршка. Во анализата на трите случаи жените имаат лична карактеристика за упорност во обидот за судско решение на проблемите и издржливост за пречките со кои се соочуваат до завршување на постапките.

Студијата на случај придонесува во градење на предизвикот на државата да го елиминира ризикот жените да се откажуваат или обесхрабруваат во барањето на судска заштита, преку грижа за достапност на индивидуална сеопфатна едукација на жените што претрпеле семејно насилство на кои им се потребни дополнителни можности за брзи судски одлуки по повеќе проблеми во една постапка, во која се и бесплатно застапувани од адвокат.

# ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКИТЕ ТАКСИ И ТРОШОЦИ И ИНФОРМИРАНОСТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТРОШОЦИ КАКО ПРЕЧКА ИЛИ МОЖНОСТ ДО СУДСКА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА